ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА **ЕКО-СВЕСТ**
Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

**Правила и услови за учество на фото награден натпревар**

**“50 Нијанси Воздух“**

1. ***Општи одредби***

Со овие правила и општи услови се утврдува начинот на спроведување на фото наградниот натпревар „50 Нијанси Воздух “ (во натамошниот текст: награден натпревар) како дел од кампањата за подигнување на јавната свест за аерозагадување со цел прикажување позитивни практики од граѓаните. Организатори на наградниот натпревар се Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест, бул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6 и Амбасадата на Кралството на Шведска во С. Македонија (во натамошниот текст: организатори).

Во натпреварот можат да учествуваат лица, кои се полнолетни (постари од 18 години) на денот на пријавување во наградниот натпревар и ги исполнуваат условите за учество во наградниот натпревар. Со исполнувањето на условите за учество во наградниот натпревар, сите учесници имаат исти можности за добивање награда.

2. ***Време на траење на награден натпревар***

Наградниот натпревар трае од 00:00 часот на 23.09.2020 година заклучно до 00:00 часот на 15.10.2020 година.

3. ***Учество во награден натпревар***

- Во наградниот натпревар можат да учествуваат поединци (физички лица), жители на Р.С Македонија кои се полнолетни (постари од 18 години) на денот на пријавување за учество во наградниот натпревар.
- Секој учесник може да учествува во наградниот натпревар само во свое име и со учеството потврдува дека сите дадени лични податоци се само негови лични податоци и дека се согласува со овие правила и услови на наградниот натпревар.
- Услов за учество во наградниот натпревар е учесниците да бидат запознаени и да се согласуваат со сите правила на наградниот натпревар. Со учеството во наградниот натпревар се смета дека учесникот се согласил со сите услови и правила во врска со наградниот натпревар.
- Учество во наградниот натпревар се прави со испраќање на фотографија во електронска форма на е-адресата info@ekosvest.com.mk најдоцна до 15.10.2020.
- Фотографии со навредлива содржина нема да бидат разгледувани (пцовки, вулгарни или навредливи зборови; елементи на агресивен национализам, ксенофобија и антисемитизам; религиозна, идеолошка, политичка пропаганда; расна, културна, социјална, религиозна, етничка и секаков друг вид дискриминација; омраза и нетолерантност)
- На фотографијата треба да биде прикажано Вашето доживување на квалитетот на воздухот кој го дишете, негативните страни на загадениот воздух, но и позитивен пример за тоа како Вие го решавате проблемот со аерозагадување и влијаете за негово намалување.

### *4. Награден фонд на наградниот натпревар*

Прво место- прочистувач за воздух Blue Pure 221
Второ место- прочистувач за воздух Blue Pure 411
Трето место- Планинарско ранче, термос, маичка, торба за пазарење, ѕвонче за велосипед.

### *5. Избор на победникот*

Главен критериум за избор ќе биде креативноста, оригиналноста и релевантноста на содржината нафотографијата. Може да има најмногу тројца (3) добитници.

Изборот на добитници на наградниот натпревар ќе се врши на 16.10.2020 година, а добитниците ќе бидат објавени најдоцна до 20.10.2020.
Сите фотографии кои ќе пристигнат и ги исполнуваат критериумите на повикот ќе бидат дел од патувачка изложба во градскиот превоз во Скопје .

Изборот за победнички три фотографии ќе биде состаено од жири комисија составена од претставници на Организаторите.
Резултатите од изборот на комисијата се конечни. Евентуални прашања и приговори поврзани со спроведување на наградниот натпревар се доставуваат до Организаторите. Доколку добитниците имаат наведено непотполни податоци/неточни податоци или/и доколку не е можно да бидат известени и/или се утврди дека не ги исполнуваат сите услови за учество во наградниот натпревар и/или ги прекршиле тие услови и/или доколку не сакаат да ги извршат обврските во согласност со овие услови, наградата ќе биде доделена на првиот нареден учесник според ранк листата на жири комисијата.

Организаторите го задржува правото да не ја додели наградата ако:
- добитникот не ги исполнува условите за преземање на наградата,
- се појави сомневање за веродостојноста на податоците, или за оригиналноста на фотографијата,
- добитникот не дал свои вистински податоци,
- добитникот во рок од 7 дена од добивањето на известувањето не одговорил на електронската порака со која го известуваме за преземањето на наградата,
- се утврди дека учесникот во наградниот натпревар учествувал спротивно на правилата на наградниот натпревар,
- во други случаи, кога доделувањето на наградата не би била можна или законска.

### *6. Известување на добитниците*

Во рок од пет (5) дена од изборот, добитникот ќе биде известен за добивање на наградата по емаил. Ако добитникот во рок од пет (5) дена не одговори на примената порака, се смета дека добитникот на наградата не сака да ја прими. Добитникот е должен при преземањето на наградата да се идентификува. Доколку биде потребно, пред преземањето на наградата добитникот може да биде должен да даде и други лични податоци за доделување на наградата (презиме, телефон итн.)

Со учеството во наградниот натпревар, сите учесници во наградниот натпревар изречно се согласуваат со објавувањето на нивните лични податоци како автори на фотографиите (име, презиме) на социјалните мрежи и официјалната веб страна на Шведска амбасада во Скопје и Еко-свест.

Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

### *7. Одговорност на организаторите*

Организаторите на наградниот натпревар го задржуваат правото за дополнување и менување на овие услови и се обврзуваат при секоја нивна промена или дополнување да ги објават на своите веб-страници.
Организаторите не преземаат никаква одговорност за:

- било какви инциденти или штети кои би настанале поради користење (употреба и/или уживање) на доделените награди, со што добитниците изречно се согласуваат и прифаќаат;
- случај на неправилно функционирање на Интернетот или (не)функционирање на електронската пошта, телефонските линии или други уреди кои овозможуваат изведување на овој натпревар.
- заразување на компјутерите со вируси или за упад на трето лице во компјутер на учесниците и за последиците од поврзувањето на учесниците во мрежата. Организаторите не се одговорни за каква било штета, направена кај учесникот, неговата компјутерска опрема, паметен телефон или податоците зачувани на тие уреди, како и за личните и професионалните последици кои можат да произлезат за учесниците.

Организаторите се обврзуваат да ги употребат сите средства, заедно со давателите на услугите, за со цел системот за избор на добитниците и доделувањето на наградите да биде во согласност со правилата на наградниот натпревар.

Во вонреден случај на предвремено прекинување на наградниот натпревар од причини кои не зависат од Организаторите (виша сила, итн.), тие го задржуваат правото да ги доделат наградите меѓу оние кои учествуваат во наградниот натпревар до моментот на прекинување или да го завршат односно прекинат наградниот натпревар без какви било обврски кон учесниците. За таквата одлука учесниците ќе бидат известени преку медиумите. Во наведените случаи, организаторите не одговараат за евентуална настаната штета.

### *8. Заштита на личните податоци*

Сите лични податоци се заштитени во согласност со позитивните прописи кои се однесуваат на заштита на личните податоци (вклучително и фотографии на кои е објавен лик на учесникот) и Организаторите имаат право истите да ги обработуваат, репродуцираат, дистрибуираат и јавно објавуваат и/или употребуваат на каков било друг начин.

Учесниците во наградниот натпревар изречно се согласуваат дека Организаторите може ги користат нивните лични податоци, што ги даваат во рамките на учеството во наградниот натпревар, за потребите на спроведување на овој награден натпревар.

### *9. Достапност на правилата на наградниот натпревар*

Правилата на наградниот натпревар се објавени на официјалната веб страна на Еко-свест (www.ekosvest.com.mk).

### *10. Останати одредби*

Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

Организаторите го задржуваат правото за промена на овие Правила, запирање на наградниот натпревар или целосно прекинување на наградниот натпревар, ако е тоа потребно од правни, технички или комерцијални причини. Организаторите ќе ги известат учесниците за сите можни промени со објавување на официјалната веб страна на Еко-свест (www.ekosvest.com.mk).